Врз основа на член 3, член 20-г став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор, член 22 од од Законот за работните односи, член 77-г став 1 од Законот за култура, како и Известувањето за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии на РСМ бр. 18-14192/2, од 28.12.2023 година, а согласно член 12 став 2 точка 17 од Статутот на Музејот, се објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС БР. 01/2023

**I.** НУ Музеј на современата уметност Скопје, има потреба од вработување на 1 (едно) лице, давател на услуги, на неопределено време, за следното **работно место**:

1. Шифра КУЛ 03 04 Д03 002, Кустос - 1 (еден) извршител

**II. Посебни услови** кои треба да ги исполнуваат кандидатите:

**1.** Кандидатите за работното место – **Кустос,** со шифра КУЛ 03 04 Д03 002, треба да ги исполнуваат следните посебни услови:

- стекнати најмалку 240 кредити, стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на културата – од областа на Историјата на уметноста;
- работно искуство: најмалку една година работно искуство во струката;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и
- искуство во организирање на изложби.

Паричен износ за основна месечна бруто плата за работното место под реден број 1:
- 65.132,00 денари (со коефициент 1.991)

**Напомена**:
Согласно Годишниот план за вработување на институцијата за 2023 година и Е - Балансерот, во прилог на овој План, вработувањето е предвидено со македонска националност.

**III. Општи услови** кои треба да ги исполнуваат кандидатите:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи Македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност
- или должност.

**IV. Распоред на работното време**:
Работното време е од понеделник до петок од 8:30 до 16:30 часот, со 40 работни часа неделно.

**V. Рок за доставување на пријави**:

**Рокот за доставување на пријавите** за вработување со потребните документи изнесува 15 (петнаесет) дена сметано од наредниот ден од објавувањето на огласот во дневниот печат и на интернет/веб страната на Музејот www msu.mk (не сметајќи го денот на објавување на огласот). Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Пријавата за огласот може да се подигне од архивата на НУ Музеј на современата уметност Скопје, секој работен ден од 09:00 до 14:30 часот или да се симне од интернет страната www msu.mk.
Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци.
Кандидатите, заедно со пријавата, треба да ги достават потребните документи **(во оригинал или копија заверена на нотар)** за исполнување на општите и посебните услови:

- Уверение за државјанство (не постаро од шест месеци);
- Доказ за општа здравствена способност за работното место/Лекарско уверение (не постаро од шест месеци);
- Потврда/Уверение дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност (не постаро од шест месеци);
- Доказ- Диплома/Уверение за завршено соодветно образование,
- Доказ за оргазнизирање на изложби.

Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање (општи и посебни).

**VI. Начин на поднесување на пријавите**:

Пријавата со потребната документација кандидатите треба да ја достават директно во архивата на Музејот (секој работен ден од 09:00 до 14:30 часот) или по препорачана пошта во затворен плик со назнака „За јавен оглас за вработување бр.01/2023 на адреса: НУ Музеј на современата уметност Скопје, ул. Самоилова бр. 17, Скопје.

Лице и телефон за контакт: Јован Грданоски, 02/ 3 110 123.

**VII. Информација за спроведување на постапката**:

Ненавремените и неуредни пријави и документација нема да се разгледуваат.

Административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас, како и спроведување на интервју, ќе врши надлежна Комисија формирана за спроведување на постапка за вработување. Пријавените кандидати ќе бидат навремено известени за времето и местото на одржување на интервјуто.

Изборот ќе се изврши во зависност од бројот на пријавените кандидати, но не подоцна од рокот определен во член 23 став 2 од Законот за работните односи.

За НУ МСУ Скопје

__________________________________

Тихомир Топузоски в.д.Директор

Изготвил, Јован Грдановски
секретар правник